**5 ноември (вторник)**
**Музеј на град Скопје**
**20:00 часот**

# „ПЕСНИ“
## Михаило Арсенски – тенор
## Милица Шкариќ - пијано



**МИХАИЛО АРСЕНСКИ**, тенор (Скопје, 1971), дебитира на сцената на Македонската Опера во улогата на Грофот Хомонај во оперетата „Баронот Циганин“ од Ј.Страус на 8 март 1991 година, за време на студиите во класата на проф.Милка Ефтимова. До дипломирањето (1994) настапува во Скопје во улогите на Алфредо (Травијата), Бепе (Палјаци), Камиј (Веселата вдовица) и Грофот Алмавива (Севилскиот берберин).

Се усовршува на Европската моцартова академија за камерна музика во Краков, Полска и на Оберлин конзерваториумот во Оберлин, САД.

Член е на Оперското студио на Париската национална опера (1998-2001) и често настапува како гостин на сцените на Операта Бастиле и Палаис Гарниер во текот на девет сезони. Арсенски е првиот претставник на Македонија на престижниот пејачки натпревар:

BBC- The Cardiff Singer of the World во 2001година.

Низ Франција и Швајцарија остварува повеќе водечки улоги од италијанскиот и францускиот романтичен оперски репертоар како: Војводата (Риголето), Родолфо (Боеми), Неморино (Љубовен напиток), Генаро (Лукреција Борџиа), Оронте (I Lombardi), Аменофи (Мојсеј), Надир (Ловци на бисери), Гералд (Лакме), Винцент (Mireille) и Верте (Werther).

Настапува на концерти со извадоци од опери, но и со повеќе вокално-инструментални дела како: Magnifikat (Bach), Requiem и Krunidbena Misa (Mozart), Деветта симфонија и Misa Solemnis (Bethoven), Годишните времиња (Haydn), Petite Messe Solenelle (Rossini), Requiem (Verdi) и Пасија по Матеј (Alfeev) во сали како: Opéra Comique, Théatre de Champs Elysées, Salle Pleyel и Salle Gavot во Париз и Конгресниот културен центар во Луцерн.

Со посебен интерес го негува репертоарот на соло песни.

Компакт дискот со програмата на овој концерт, снимен е во Скопје (октомври 2012).



**МИЛИЦА ШКАРИЌ**, завршила основно и средно музичко училиште во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во класата по пијано на Валентина Нолчева. Дипломирала пијано во Париз на Ecole Normale de Musique de Paris во класата по пијано на Нелсон Дел Вињ. На истата институција се здобива и со диплома по камерна музика. Две години изучува корепетиција во класата на Сесил Хугонар-Рош, професор на Националниот конзерваториум во Париз. Три години се усовршува како солист во класата на интернационално реномираниот пијанист Евгениј Корољов на Факултетот за музичка уметност во Хамбург, Германија. Во текот на 2004-2005, таа оствари студиски престој како гостин професор на Факултетот за музичка уметност во Ен Арбор, Мичиген, САД. Докторирала на ФМУ Скопје.

Носител е на три први републички награди по пијано, на прва специјална награда со максимален број поени на сојузниот натпревар на поранешна Југославија, четврта награда на меѓународниот натпревар во Сенигалија, Италија, прва награда на меѓународниот натпревар во Саребург, Франција и награда за корепетиција на натпреварот Елизе Мајер, Хамбург, Германија.

Учествувала на многу мајсторски школи за пијано кај познатите педагози: Арбо Валдма, Икуко Ендо, Јокут Михајловиќ, Гаџиев, Ралф Наткемпер, Акилес Дел Вињ итн.

Носител е на странски стипендии од фондациите Albert Roussel, Gilda Santarelli, Otto Stoterau Stiftung, Soros, DAAD, JFDP и др. Настапувала како солист и камерен партнер во Франција, Германија, Италија, САД, Србија, Бугарија, Македонија и др. Повеќе нејзини целовечерни концерти се снимани во живо од Македонската радио телевизија.

Повеќе изведби од Шкариќ на дела од македонски современи композитори се издадени на неколку ЦД-а од СОКОМ. Во 2009 година Шкариќ заедно со обоистот Владимир Лазаревски издаде ЦД со дела од современи балкански композитори. Во 2012 Шкариќ заедно со тенорот Михајло Арсенски издаде ЦД со ремек дела за тенор и пијано од Шуман, Форе, Дебиси, Прокопиев, Скаловски и Зографски. Во 2013 заедно со обоистот Владимир Лазаревски издадоа ЦД со камерни дела од Пол Хиндемит.

Од 2012 Шкариќ е редовен професор по пијано, камерна музика и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност во Штип. Автор е на учебник по пијано за возрасни почетници, повеќе објавени трудови и книгата „Интерпретациски проблеми на избрани дела за клавишни инструменти од Ј. С. Бах“.

## ПРОГРАМА:

**R. Schumann** (H.Heine)
**Dichterliebe** - Љубовта на поетот, Op.48

**C.Debussy** (P.Bourget)
Beau Soir - Убава вечер
Les Cloches - Звона
Romance - Романса

**G. Fauré**
Tristesse - Tara (T.Gautier)
Chanson d'amour – Љубовна песна (A.Silvestre)

**Т. Скаловски (М.Матевски)**
Sunset - Залез

**Т. Зографски (народна - folk song)**
Marika beautiful girl - Марика мома убава

**Т.Прокопиев (А.Шопов)**
My Seagull - Галебе мој